# Барање на место за стручно школување: Како најдобро да постапиш?

### Да се појасни професионалната цел

Кога ќе почнеш да бараш место за стручно образование, треба веќе да знаеш која професија сакаш да ја изучуваш. Ти знаеш дека треба да ги имаш бараните способности за таа професија. Тоа е многу важно и затоа дозволи си плански да одиш кон целта, и немој да го прифатиш првото подобро понудено место.

### Да се соберат адреси

Сега треба да дознаеш кои предпријатија имаат за следното лето уште слободни места за школување за твојата одбрана професија. За тоа ти стојат на располаганје разни можности и помошни средства:

- Во Бирото за професионална ориентација[1] ќе најдеш листа со предпријатија, кои што можат да обучуваат ученици во професијата што ја имаш одбрано.
- На интернет се објавуваат слободни места за обука.[2]
- Во дневната штампа и во бесплатните весници за огласи или на интернет страниците на некои фирми ќе најдеш огласи за слободни места за стручно школување.
- Многу ученички и ученици преку познаници или преку роднини наоѓаат место за стручно школување. Употреби ги и ти твоите врски.

### Да се контактира

Сега ги имаш потребните адреси. Распрашај се дали навистина предпријатието има слободно место за школување. За овој прв контакт употреби го телефонот, или појди лично тамо. Во позитивен случај прашај, како треба да конкурираш. Ова може од предпријатие до предпријатие да биде различно. Некоја фирми сака писмени молби, некоја друга фирма можеби сака одма да појдеш лично да се претставиш. Во секој случај важно е да конкурираш, онака како што тоа фирмата го бара.

### Да се конкурира

Една писмена молба, порано или покасно, бара секое предпријатие. Има одредени правила, како ова досие за конкурирање треба да изгледа и што треба да содржи. Во школо или пак во Бирото за професионална ориентација можеш да се распрашаш, како би требало ова досие да изгледа, исто така овде можеш да добиеш помош ако не можеш да се снајдеш во припремање на твоето

---

[1] Секој Кантон има најмалку барем едно Биро за професионална ориентација. Адресата ќе ја добиете во училиште или пак во Собранието на вашата општина:

Deutsch: www.adressen.sdbb.ch Français: www.adresses.csfo.ch Italiano: www.indirizzi.csfo.ch

Бирото за професионална ориентација, почесто е по познато под некое специално име или можеби пак под некоја скратеница:

| | |
|---|---|
| Во германско јазичните региони во Швајцатија | BIZ, Laufbahnzentrum |
| Во францускиte јазични региони во Швајцарија | OP, SOPFA, OFPC, COS, OROSP, CIO, OCOSP |
| Во италијанските јазични региони во Швајцатија | orientamento, UOSP |

[2] Слободни места за стручно школување

| | |
|---|---|
| Во германско јазичните региони во Швајцатија | www.berufsberatung.ch/Lehrstellen |
| Во францускиte јазични региони во Швајцарија | www.orientation.ch/formation |
| Во италијанските јазични региони во Швајцатија | orientamento.ch > scelta professionale > Borsa nazionale dei posti di tirocinio |

досие. И на интернет ќе најдеш документи за конкурирање.[3] Многу е важно твоето досие за конкурирање, пред да го испратиш, да го покажеш на некое компентентно лице, затоа што досието, мора да биде целосно, да одговара за струката што сакаш да ја учиш и да биде без грешки. И уште еден тип: Конкурирај, ако е можно, истовремено на повеќе места. Со тоа ти ги зголемуваш твоите шанси за да најдеш место за шклување.

**Да не се изгуби прегледност**

Корисно е ако за твоите конкурси водиш една контрола. Најдобро е ако направиш една листа во која што ќе записуваш, кога конкурира, дали некој термин ти е веќе познат и до кога би тебало да добиеш одговор. Така секогаш ќе знаеш, што е завршено, од кого уште очекуваш одговор и кога треба повторно да се распрашаш.

**Да се совладаат испитите и информативните разговори**

Се повеќе предпријатија и организации бараат да направиш Испит на подобност. Распрашај се, како е тоа за професијата што ти ја одбра и што се бара за неа. Ако дојдеш во тесен избор, шефот или шефицата ќе сакаат лично да те запознаат. Припреми се за овој информативен разговор. Размисли за можни прашања и одговори. Ако не си сигурен, поразговарај со некого. Впечатокот што ќе го оставиш во овие лични информативни разговори, играт една многу важна улога. Затоа „продади се„ добро! Покажи се заинтересиран и мотивиран.

**Да се поднесат негативните одговори**

За многу професии, барањето место за понатамошно стручно школување е тешко. Затоа треба да рачунаш и на негативни одговори. Во никој случај немој да дозволиш да се разочараш. Собери сили, продолжи и понатака да конкурираш. Во секој случај распрашај се за причините, зошто си одбиен. Можеби ќе можеш во иднина нешто да подобриш и со тоа, твоите шанси да најдеш место за понатамошно школување, да ги зголемиш.

**Да се остане флексибилен**

Не се концентрирај само на една единствена професија (занает). Можеби за професијата што имаш желба да ја изучуваш не ќе можеш да најдеш место за школување. Затоа е важно да бидеш спремен за други решенија. Ако и после подолго време не можеш да најдеш место за стручно школување, потребно е ситуацијата детално да се преразгледа. Разгледај ги можностите да изучуваш друга сродна професија, или за некое меѓурешение, или една практика, или можеби една година да изучуваш некој странски јазик и т.н. Реагирај благовремено и побарај содветни информации и помош. Поразговарај со твојот советувач во Бирото за професионална ориентација, и планирај што ќе преземеш понатака. Да се заврши некој занат или некое средно школо е многу важна основа за твојата иднина и ти отвара многу други можности за понатака да се усовршуваш.

**SDBB | CSFO – 2011**

[3] Во германско јазичните региони во Швајцатија — www.berufsberatung.ch >Berufswahl >Lehrstellensuche >Bewerbung
Во француските јазични региони во Швајцарија — www.orientation.ch >formation >Toutes des places d'apprentissages >Lettre et CV
Во италијанските јазични региони во Швајцатија — orientamento.ch > scelta professionale > Borsa nazionale dei posti di tirocinio >Consigli per la ricerca

# Од училиште кон Професија

## Информации за родителите

Почитувани родители

Вие имате ќерка или син во 7., 8., 9. или 10. оделение. Вашиот син или ќерка треба да се одлучат за некој занает или за понатамошно школување. Тоа е многу важен чекор, затоа што со завршување на некој занат или на некое средно школо, младите луѓе во Швајцарија се стекнуваат со добра основа за нивното понатамошно професионално унапредување.

**Како може да помогне училиштето?**
Училиштето ги припрема ученичките и учениците во 8. и 9. оделение за избор на професија (занает) или за понатамошно школуванје во повисоките училишта. Прашајте го учителот или учителката, на пример на родителски состанок, како овие припреми изгледаат.

**Како помага Бирото за професионална ориентација[1]?**
Бирото за професионална ориентација нуди информации за изучување на занаети или можности за понатамосно школување. Покрај тоа може да се закаже поединечно советување, каде што може да ги изнесете и да се конфронтирате со вашите интереси, способности и можности за понатамошно школување. Оваа понуда за ученичките и учениците е бесплатна и доверлива.

Училиштето и Бирото за професионална ориентација, ги помага младите во избор на некој занает или во понатамошното школување и ако е потребно и во барање на место за практично школување. Одговорноста, односно главната работа, сепак останува во надлежност на фамилијата.

**Што треба младите сами да направат?**
**Како можете вашите деца во тоа вие да ги помогнете?**
Вашиот син или вашата ќерка мораат по завршувањето на основното училиште сами да бидат активни се додека не најдат место за понатамошно школување. За многу од нив тоа не е лесно. Затоа многу е важно фамилијата (семејството) во тоа да ги помогне. Ако имате прашања и не знаете како понатака, ве замолуваме да се јавите во Бирото за професионална ориентација.

Изборот на некоја професија или средно училиште преставува еден процес. Тоа значи: поставување на прашања и барање одговор за истите. За најважните прашања и најдобрите патови, да се добијат најдобри одговори ќе бидат опишани подолу:

**А самиот себе да се запознаеш**
Следниве прашања треба вашите деца да си ги постават:
- Што знам јас добро во школото? Кои предмети ги сакам?

---

[1] Секој Кантон има најмалку барем едно Биро за професионална ориентација. Адресата ќе ја добиете во училиште или пак во Собранието на вашата општина:
Deutsch: www.adressen.sdbb.ch  Français: www.adresses.csfo.ch  Italiano: www.indirizzi.csfo.ch

Бирото за професионална ориентација, почесто е по познато под некое специално име или можеби пак под некоја скратеница:

| | |
|---|---|
| Во германско јазичните региони во Швајцатија | BIZ, Laufbahnzentrum |
| Во француските јазични региони во Швајцарија | OP, SOPFA, OFPC, COS, OROSP, CIO, OCOSP |
| Во италијанските јазични региони во Швајцатија | orientamento, UOSP |

- Што научив јас во своето слободно време или во моето семејство? (На пример, да зборувам повеќе јазици, да кувам, да пазарам, нешто да поправам, да ги сослушам моите колеги и колешки кога тие имаат проблем, да помагам во некое спортско друштво, или во некоја младинска организација или во некое друго друштво за време на нивните прослави.)
- Дали со хонорарна работа се докажав, дека сум точен и дека одговорно работам? (на пример: разнесување на новини, чување на деца, косење на трева, да помагам во некое предпријатие 2-3 сати неделно).
- Кои се моите способности? Кои се моите недостатоци?

Следнава помош вие како родител можете да ја дадете:

- Помогнете им во размислувањето која работа на васиот син или на вашата ќерка им одговара и кои се нивните способности.

***B Да се запознаат професии (занаети)***

Со информации и со „Schnupperlehren“[2]l вашите деца се запознавват со повеќе професии

- Да се информирате: да се прочита описот за повеќе професии, да се погледаат филмови за различни професии, да се оди на разни информативни состаноци[3], и на изложби на тема занаети[4] и понатамошно образование, во Бирото за професионална орентација да се појаснат прашања што не ви се познати.
- Да се направи (Пробна практична работа-„шнуперлере„) „Schnupperlehren“. Со едно „Schnupperlehre“ може една професија (занает) во некоја фирма подобро да се запознае. Едно „Schnupperlehre“ нормално трае 2 до 3 дена. Фирмите често „Schnupperlehre“ го користат за вршење на селекција на кандидатите: Тие сакаат да ги запознаат младите луѓе што можеби ќе учат кај нив. Кој што со „Schnupperlehre“ ќе направи добар впечаток, има поголеми шанси. Да добие место за школување во таа фирма.

Каква подршка вие како родител можете да им понудите?

- Ако е можно појдете и вие со вашите синови и ќерки на информативните состаноци. Помогне те им на вашите деца да не го заборават датумот кога што се одржуваат информативните состаноци.
- Појдете и вие со вашите синови и ќерки во Бирото за професионална ориентација. Информирај те се и вие за можностите за понатамошно школување во Швајцарија.
- Зборувајте со вашите синови и ќерки за искуствата што ги стекнале со Schnupperlehren.

**Ц Избор на професија и школо**

При изборот на професија вашите деца морад да водат рачун за следново:

---

[2]

| | |
|---|---|
| Германски | Schnupperlehre |
| Француски | stage d'information professionnelle; stage en entreprises |
| Италијански | stages |

[3] Информативни состаноци

| | |
|---|---|
| Во германско јазичните региони во Швајцатија | www.berufsberatung.ch >Berufswahl >Informationsveranstaltungen |
| Во француските и ителијанските јазични региони во Швајцарија | Во бирото за професионална ориентација или во училиште да се праша, кои понуди ги има |

[4] Изложби (манифестации) за занаети и образование:

Во Бирото за професионална ориентација или во училиште да се праша, кога и каде ќе има Изложба (манифестација) за занаеити и образование

| | |
|---|---|
| Германски | Berufsmesse, Ausbildungsmesse, Berufsschau |
| Француски | Salon des métiers, Cité des métiers, salon de la formation |
| Италијански | ESPOProfessioni |

- За избор на некоја професија (занает) или продолжување да се учи во средно школо треба време за да се размисли и време за да се преземат некои работи..
- При изборот на професијата или школото што ви одговара многу е важно, да имате во резерва уште 1-2 алтернативи.
- Кај имам јас празнини (недостатоци)? Како можам јас во училиште да се припреман за школувањето после 9. или 10. оделение?

Која помош вие како родител можете да ја дадете?
- Показете интерес кај процесот на донесување на одлука..
- Зборувајте со вашите деца за избраната професија и алтернативите што ги имаат.

**Д Барање на место за стручно образование (нормално една година пред завршување на основното училиште)**
При барање на место за стручно образование на вашите деца може да им биде од корист следниов информативен лист:
- „Барање на место за стручно образование: Како најдобро да постапиш?“[5]

Каква подршка вие како родител можете да им понудите?
- Помогне те и на вашата ќерка или вашиот син, благовремено да почнат со барање на место за стручно образование.
- Ако добијат негативен одговор, охрабрете го васите син или ќерка да продолжат со барање на место за школување. .

**Од следниве примери ќе дознаете што можат мајките и татковците да сторат**

**Да се зборува со учителот**
Мара е во 8. оделение. Таа дома никогаш не зборува за избор на некој занает или за продолжување на школувањето во некое средно училиште. „Што се случува?„ се прашуваат родителите. Мајка и, по завршувањето на наставата оди во училиште кај учителот и го прашува дали Мара и на училиште не покажува интерес, за избор на некој занает или средно училиште.

**Да се биде спремен за повеќе можносто**
Трајче го посетува 9. оделение. Како повеќе други момчиња - тој сака да постане информатичар. Тој се пријавува на повеќе места за изучување на оваа професија но добива само негативни одговори. На родителски состанок, дознаваат родителите дека за информатичар има многу малку места за школување. Тие му рекоа на Трајче, да се јави во Бирото за професионална ориентација и да закаже термин, за еден личен (поедеинечен) разговор. Трајче дојде дома со една нова идеја: Тој е добар во математика и се интересира за техника, затоа сега ќе бара мето за изучување на занаетот машински механичар. Тој дозна дека и во оваа професија ќе има работа со компјутер. Ако сака, после школувањето за механичар, ќе може да се специјализира и во информатика.

**Фамилијата очекува**
„Кога ќе почне Ванчо со студирање?“, прашуваат роднините дома во селото. „Во Швајцарија е многу поинаку, од тоа што вие замислувате“, велат родителите од Ванчо. „Ванчо има спретни раце и се интересира за автомобили. Тој ќе постане автомеханичар. Затоа што тој е многу добар во школото, ќе заврши четворогодишно стручно образование. Тоа е еден добар занает кој што му одговара на него. Ние сме горди со нашиот син, тој многу постигна. Впрочем не е лесно да се школуваш на странски јазик.“ Како автомеханичар Ванчо во целиот Свет може да најде работа!

[5] www.berufsberatung.ch >Berufswahl >Information für Fremdsprachige
www.orientation.ch >Choix professionnelle > Informations en langues étrangères
www.orientamento.ch >Scelta professionale >Informazioni per persone di lingua straniera

**Многу мало познавање на јазикот**
Лена е многу интелегентна. Таа со 15 години дојде во Швајцарија и затоа се уште не го познава доволно добро јазикот, на кој што се школува, за да мозе да го настави своето школување во ено од потешките училишта. Лена и нејзините родители дознаваат, дека Лена може, после завршувањето на основното училиште, да се шкплува уште една дополнителна година за припрема за избор на професија, или може да приучи некој занает, или за време од две годин дополнително школување да стекне основа за понатамошно школување. Лена е разочарано. Таа сонуваше да оди во гимназија... Нејзините родители ја утешуваат: „Тебе ти трема можеби малку повеќе време од колку на другите. Од кога твоите празнини ќе ги пополниш, и ќе направи едно солидно основно образование, можеби покасно ќе можеш и да студираш. Ти ќе успееш!“

**Школување или брак?**
Бистра наскоро ќе наполни 16 години. Еден млад човек им доаѓа во посета. Тој го прашува татко е: „Дали можам Бистра да ја оженам?“ Татко е одговори: „Нашите фамилии добро се познаваат. По нашата традиција да стапите во брак ти и Бистра би било многу добро. Ама знаеш, ние живееме во Швајцарија. Животот се менува. Овде е важно мажите и жените да имаат една професија. Затоа треба Бистра најпрво да се школува. Покасно таа може сама да одлучи, за кого да се омажи.“

**Таткото го придружува синот**
Тоше е во девето оделение. Учењето не му оди баш лесно. Тој може да направи „Пробна практична работа„ (Schnupperlehre) за практикант во дрвара (помошник на тислер). Тој знае дека ќе може, ако пробната практична работа добро ја помине, две години да го приучи овој занает во дрварата. Затоа тој е возбуден. Несигурен се чуствува и поради тоа што не го познава добро патот до дрварата, а сепак треба да биде точно во закажаното време тамо. Татко му го охрабрува: „Ти знаеш доста од овој занает. И доста се трудиш. Првиот ден ќе те допратам јас до портата на предпријатието. Ќе појдеме порано од дома, па ако ни остане уште време ќе свртиме уште еден круг. Тоа помага кога си возбуден.“

**Да се искористат познатствата**
Донка е добра ученичка. Таа има добри одценки во француски, германски и математика. Покрај тоа, таа знае македонски да зборува, да чита и пишува. Таа разгледува различни професии, оди на информативни состаноци и прави пробни практични работи. Сега е јасно, таа сака да учи за референт (средно економско). Таа испраќа повеќе молби ама добива само негативни одговори. Татко е работи во едно градежно предпријатие. тој му раскажа на својот шеф, дека ќеркаму бара место за школување.
„Прашај кај нас в'биро. Тие обучуваат ученици“, му рече шефот. „Тоа и ќе го сторам. Женами може исто така, кај што работи, в'болница да праша. Можеби некој од наашите соседи може да ни помогне?“, помисли татко е.

**Не се предавајте Nicht**
Поново Миле доби негативен одговор на неговата молба за школуваљњ за продавач. Тој има испратено веќе многу молби, ама едноставно нема успех. Све почесто Миле заборава да бара место за стручно образование и да испрача молби. Едноставно, нема повеќе храброст. За време на вечерата родителите му рекоа „Ќе одиме во Бирото за професионална ориентација. Тамо ќе ни објаснат, што можеш ти да сториш и која помош можеш да ја добиеш. Не се предавај (не се разочарувај). Ти можеш многу да постигнеш. Ние ќе те подржиме и ќе те помагаме.„

Почитувани родители
Ако имате прашања за изборот на професија на вашата ќерка односно вашиот син, прашај те го учителот, односно учителката или обрате те се во Бирото за професионална ориентација.

**SDBB | CSFO – 2011**

# Патови кон вработување и образование во Швајцарија

Информации за возрасни кои што живеат во Швајцарија

Вашето школување и образование го имате завршено во странство и сега барате работа во Швајцарија? Или можеби сакате во Швајцарија понатака да се школувате? На овие неколку страници ќе ги најдете најважните информации кои што ќе ви помогнат во првите чекори кон барање на работа и можности за понатамошно образование (школување).

**„Parlez-vous français?“ „Sprechen Sie Deutsch?“ „Parla italiano?“**
Без разлика, дали барате работа или сакате понатака да се школувате, еден од најважните предуслови е познавање на јазикот кој што се зборува во регионот каде што живеете, односно каде што сакате да се вработите[1]. Ако живеете во регион каде што се зборува германски: почнете со учење на книжевниот (литературниот) германски јазик! Со тоа ќе стекнете добра основа, за покасно и швајцарскиот германски да го разбирате – или пак дури и да го зборувате. За едно помошно (не квалификувано) работно место, може да е доволно бараниот јазик да го разбирате и малку ако знаете да го зборувате. Во последно време се повеќе се бара и за помошните, на квалификувани работни места, барем малку да знаете да читате, а за поодговорните работни места, треба многу добро да го познавате јазикот кој што се зборува во регионот. За понатамошно школување или можеби за студирање морате, комплицирани текстови да читате, разбирате и сами да составувате (да пишувате): зависно од вашата цел, морате да постигнете едно добро ниво на познавање на јазикот. Затоа, многу е важно да се информирате, кои јазични курсеви ви се потребни за постигнување на вашата цел. Впрочем: Јазикот не е важен само за барање на работа и за образование во Швајцарија. И во многу други ситуации во животот, познавање на јазикот е потребно, на пример: да се разговара со соседот, при пазарење, за да се зборува со учителот или лекарот од вашите деца или пак, за пополнување на формулари, за контактирање со државните службеници и т.н. И. после неколку година, ако саката (или ако морате) да баерате работа го имате првиот важен чекор веќе направено!

Преглед за јазични курсеви ќе најдете на интернет[2] Понатамошни информации за јазични курсеви ќе добиете во Бирото за професионална ориентација. Информации за Бирото за професионална ориентација ќе најдете на страна три од овој информативен лист.

**Совети за барање на работа**
За барање на работа, покрај вашето познавање на јазикот, вашето образование и вашите квалификации има многу важна улога и вашата лична карта за странци (Ауслaverдераусвајс).
Зависно од економската ситуација, може да биде многу тешко да се најде работа во Швајцарија, посебо ако до сега воопшто не сте биле овде вработени. Затоа користете ги сите можности во Швајцарија да соберете работно искуство: на пример, приправничка работа, или можеби некоја работа за која што вие сте преквалифицирани. Можно е покасно во истото предпријатие да добиете подобро работно место, или можеби благодарение на приправничката работа ќе добиете добра препорака, со која што покасно при конкурирање за некое работно место ќе имате подобри шанси!
Исто така и доброволните (хуманитарни) работи може да бидат добра прилика да се стекнете со работно искуство и да се запознаете со лица (луѓе) кои што можеби ќе ви помогнат во понатамошното барање на работа.

---

[1] Швајцарија има четири официјални јазици: германски, француски, италијански и ретроромански (Rumantsch grischun)

[2] Јазични курсеви на интернет deutsch: www.berufsberatung.ch/weiterbildung
français: www.orientation.ch/perfectionnement
italiano: www.orientamento.ch/perfezionamento

Раскажете им на вашите роднини, пријатели и познаници дека барате работа. Може би во предпријатијата каде што тие работат, има некое слободно работно место? Или може би нивните пријатели познаваат некого кој што знае каде има слободно работно место?
Работа може да се најде преку огласи во Новини, или на интернет и преку директен контакт во некое предпријатија. Покрај тоа може да добиете помош и во регионалните канцекарии за вработување.[3]

**Признавање на странски дипломи**
Во вашата татковина го имате завршено вашето образование и имате добиено, диплома, сведителство или потврда? Вие можете, вашата диплома да ја дадете да се контролира и така ќе сознаете која „вредност„ таа ја има во Швајцарија. Ако се работи за диплома за некоја кваликфикувана стручна професија, тогаш за да се вработите во вашата професија потребно е вашата диплома да се признае (да се потврди). Кај професии кои што не се кваликфикувани, Државното биро за информации, препорачува вашата диплома да се нивелира, затоа што за да се вработите во вашата професија не ви е портебно признавање на дипломата. Зависи од потребите на берзата за вработување, односно од потребите на предпријатијата, дали некој од кандидатките и кандидатите без содветно образование ќе биде прифатен односно вработен. Нивелирањето всушност представува една потврда со која што ББТ го информира училиштето или предпријатијата или државните служби која вредност има вашата диплома во швајцарскиот систем на образование. Дипломата, и ако се признае, тоа не е гаранција дека ќе најдете работа во вашата професија, посебно ако немете работно искуство стекнато во Швајцарија. На овој начин, ќе добиете корисни информации, и ќе знаете на кои работни места да конкурирате и кое понатамошно школување би можело да ви помогне.
Обратете се во Државното биро за информации .[4] Овде ќе дознаете како понатака да постапите.

**Швајцарскиот систем за школување и образование**
Патот кон изучување на некоја професија, во Швајцарија, може да биде многу поинаков од оној во вашата татковина. Така да, во Швајцарија, само за мал број на професии мора да се школувате во средно училиште или на Универзитет. Голем број швајцарски млади луѓе, по завршувањето на обавезното основно образование, изучуваат некоја “Професија„ (занает). За време од три до четири години тие се школуваат од една страна практично, во некое предпријатие (Пракса), а од друга страна посетуваат и школо каде што изучуваат теорија. Во Швајцарија има одприлика 250 професии кои што можат по завршувањето на основното образование да се изучуваат. По завршувањето на основното стручно образование, за секоја професија постојат голем број на курсеви и можности за понатамошно образование. Информирај те се, кои можности пстојат за изучување на вашата професија. Вака ќе дознаете, кои можности ги имате во случај да сакате понатака да се школувате и во кои бранши можете да барате работа.
Брошурата „Што после школото„ ќе ви даде добар преглед во системот за образование во Швајцарија. Брошурата преведена е на повеќе јазици и може да се разгледа или да се позајми во Бирото за професионална ориентација во вашиот регион.
**Дополнително школуваље за возрасните**
За возрасните има различни можности како да се дошколуваат. Информирај те се во Бирото за професионална ориентација во вашиот регион.

---

[3] Во германско јазичните региони од Швајцарија: Regionales Arbeitsvermittlungszentrum (RAV) www.treffpunkt-arbeit.ch
Во францускиte јазични региони од Швајцарија: Office régional de placement (ORP) www.espace-emploi.ch
Во италијанските јазични региони од Швајцарија: Ufficio regionale di collocamento (URC) www.area-lavoro.ch

[4] www.bbt.admin.ch >Deutsch >Anerkennung ausländischer Diplome
>Français >Reconnaissance de diplômes étrangers
>Italiano >Riconoscimento dei diplomi esteri
>English >Recognition of foreign qualifications

**Финансирање на студирање и други понатамошни обраованија**
Ако вие се интересирате за понатамошно образование или за студирање, треба да размислите и за нивното финансирање. Повеќе студенти во Швајцарија финансиски се помогнати од нивните родители, или можеби пак тие покрај студирањето и работат, и така сами го финансираат своето понатамошно образование или своето студирање.
Само под сосема специјални услови може да се добие степендија[5].

**Различни понуди и информации во Бирото за професионална ориентација[6]**
Бирото за професионална ориентација треба да го посетите, ако сакате да се информирате и да дознаете кои патишта водат до вашата професија, односно ако озбилно размислувате и се грижите за васата професионална иднина во Швајцарија. Во Бирото за професионална ориентација ќе најдете информации за сите можни школувања и професии. Бирото за професионална ориентација располага со Инфотека. Инфотеката функционира како и една библиотека: вие можете, во време кога инфотеката е отворена, без предходно најавување, да појдете, да се информирате и информативен материјал да позајмите. Во инфотеката има уште голем број на други информативни листови и документи за разни теми, како на пример: адреси од Центрите за професионално ориентација во вашиот регион. Овие документи ги добивате на јазикот кој што се зборува во регионот. Само многу мал број на информации се преведени и на други јазици!
Ако во Инфотеката сами не можете да се снајдете, тогаш вие можете да закажете еден личен (поединечен) термин за разговор со еден специјалист со кој што би се посоветувале и би ја разгледале вашата ситуација (пријавувањето се врши директно во Инфотеката или пак на телефон). Овој разговор се води на јазикот кој што се зборува во регионот (за разговор на некој друг јазик мора да се распрашате и договорите). Бирото за професионална ориентација, не нуди работни места, али вие можете, со еден од специјалистите од бирото, да ги разгледате вашите професионлни можности или пак да го испланирате патот кон вашето вработување или вашето понатамошно образование.

Патот кон вработување и образование во Швајцарија, бара од вас голема стрпливост и издржливост.

На патот кон вашето вработување ви посакуваме голем успех и се најубаво.

**SDBB | CSFO – 2011**

---

[5] Инфирмации за добивање на степендии ќе добиете во Бирото за професионална ориентација или на интернет:

| | |
|---|---|
| За германско јазичните региони во Швајцарија | berufsberatung.ch >Laufbahn >Tipps für die Laufbahnplanung >Finanzierung der Weiterbildung |
| За француските јазични региони во Швајцарија | orientation.ch >Formation >Financer sa formation |
| За италијанските јазични региони во Швајцарија | orientamento.ch >Formazioni >Finanzare la propria formazione |

[6] Секој Кантон има најмалку барем едно Биро за професионална ориентација. Адресата ќе ја добиете во училиште или пак во Собранието на вашата општина:

Deutsch: www.adressen.sdbb.ch    Français: www.adresses.csfo.ch    Italiano: www.indirizzi.csfo.ch

Бирото за професионална ориентација, почесто е по познато под некое специално име или можеби пак под некоја скратеница:

| | |
|---|---|
| Во германско јазичните региони во Швајцарија | BIZ, Laufbahnzentrum |
| Во француските јазични региони во Швајцарија | OP, SOPFA, OFPC, COS, OROSP, CIO, OCOSP |
| Во италијанските јазични региони во Швајцарија | orientamento, UOSP |